ЕОС КОНСАЛТИНГ Акционерско друштво Рим Италија
странска подружница во Република Македонија
ЕОС КОНСАЛТИНГ
Бр. 05-4/30
18.08 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr 102-2107/41
23.08.2023 год.-viti/a.
Скопје - Shkup

Врз основа на член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) и член 8 и 23 од Договорот за набавка на услуги, број 24-10727/1 од 14.12.2016 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Договор бр. 05-103/5 од 05.12.2016 на Друштво за управување со проекти ЕОС КОНСАЛТИНГ АД Рим – Италија за „Вршење надзор на работите на изведба на главен довод за наводнување од системот „Равен – Речица" за потребите на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", а во врска со доставеното барање бр 102-2107/40 за склучување на анекс договор од 22.08.2023 година на 23.08.2023 година се склучува следниот:

**АНЕКС БР.1**
**НА**
**ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст Нарачател) од една страна,
и
2. EOS CONSULTING S.p.A Italy, Roma, Vlale di Torre Maura 81 CAP 00 169 Italia ЕМБС RM – 1064950, ЕДБ 07966631009, претставувано од ЕОС Консалтинг АД Рим Италија, странска подружница во Република Северна Македонија ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 59а 1-15, 1000 Скопје. Република Северна Македонија ЕМБС 7030967, ЕДБ 4080015551176 застапуван(о) од директорот Невен Биједиќ (во натамошниот текст Вршител на услугата), од друга страна.

**Член 1**

Со овој Анекс бр. 1 кон Договорот за набавка на услуги „Вршење надзор на работите на изведба на главен довод за наводнување од системот „Равен – Речица" за потребите на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", бр. 24-10727/1 од 14.12.2016 година се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на временската рамка на договорот - динамиката на извршување на услугите, односно се врши измена и дополнување на Член 8 став 1 и Член 9 од основниот договор.

**Член 2**

Согласно измената член 8 став 1, од од Основниот договор гласи:
Согласно Договорот за градење склучен со Изведувачот, Изведувачот е должен сите работи предвидени во Основниот договор за вршење на работи да ги изврши во рок од 72 (седумдесет и два) месеци од денот на воведување во работа од страна на надзорниот орган.

**Член 3**

Согласно измената, член 9 од Основниот договор гласи:

Работите од оваа јавна набавка треба да се завршат во рокот предвиден од страна на договорниот орган кој изнесува 72 (седумдесет и два) месеци. Овој рок на извршување на работите е рокот за кој се однесуваат одредбите во договорот.
Рокот за извршување на услугата за вршење на надзор над изградба на градбата започнува да тече наредниот ден од денот на воведување на Вршителот на услугата во работа, од страна на Нарачателот.
Вршителот на услугата е должен услугата која се однесува за вршење на надзор, да ја врши постојано се до целосно завршување на работите на изградба на предметната градба од страна на Изведувачот.

**Член 4**

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Вршителот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

**Член 5**

Сите останати членови од Основниот Договор остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

**Член 6**

Овој Анекс бр. 1 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 7**

Овој Анекс бр. 1 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Нарачателот и 2 (два) за Вршителот на услугата.

| НАРАЧАТЕЛ, | ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА, |
|---|---|
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | EOS CONSULTING S.p.A Italy подружница во Републиа Северна Македонија |
| Министер | Директор |
| Љупчо Николовски | Невен Биједиќ |
| _______________________ | _______________________ |

Изработил: Моника Угриновска
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Барање за склучување на анекс договор со документација во врска со измените:
-Барање за продолжување на рокот за изведба од изведувачот на работите примено во МЗШВ со бр. 102-2107/37 од 12.07.2023 година
- Мислење и одговор на барање за продолжување на рокот за изведба доставено од надзорниот орган примено во МЗШВ со бр. 102-96/176 од 08.08.2023.